# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период јануари - март 2021 година

АЛКАЛОИД АД Скопје, во периодот јануари-март 2021 година оствари позитивни финансиски резултати, искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2021 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот јануари-март 2021 година изнесуваат 2.541.165 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година бележат пад од 2%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 95%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2020 година бележат пад од 4%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот јануари-март 2021 година изнесуваат 3.367.234 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година бележат пад од 3%. Во структурата на вкупните приходи, најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2020 година бележат пад од 3%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот јануари-март 2021 година изнесуваат 2.231.255 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година бележат пад од 3%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот јануари-март 2021 година изнесуваат 2.975.320 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година бележат пад од 5%.

**Дивиденда**

На 5 април 2021 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2020 година, во износ од 572.541 илјади денари, односно 360 денари нето за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот јануари-март 2021 година изнесуваат 178.821 илјади денари.

**Обврски по основа на кредити**

Вкупните консолидирани обврски по основа на кредити на 31.03.2021 година изнесуваат 1.049.171 илјади

**Вработени**

Во периодот јануари-март 2021 година во „Алкалоид“ се реализирани 58 нови вработувања во Р.С.Македонија. Со одлука на Управниот одбор на „Алкалоид“ АД Скопје, во март 2021 година е одобрен и исплатен регрес за користење годишен одмор за вработените во компанијата во висина од 100 % од просечната исплатена нето-плата од работник во претходните три месеци во Р.С.Македонија. Исплатениот надомест од вработен е во износ од 31.167 денари бруто, односно 28.050 денари нето. Групацијата „Алкалоид“ брои 2.430 вработени, од кои 1.860 се во базата во Скопје, а 570 се вработени во подружниците во странство.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари-март 2021 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2021 | | 2020 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **21/20** |
| Домашен пазар | 801.375 | 33 | 708.987 | 28 | 113 |
| Странски пазар | 1.604.760 | 67 | 1.800.786 | 72 | 89 |
| **Вкупно:** | **2.406.135** | **100** | **2.509.773** | **100** | **96** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2021 | | 2020 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **21/20** |
| **Домашен пазар** | **1.084.379** | **33** | **950.996** | **28** | **114** |
| Југоисточна Европа | 1.119.797 | 34 | 1.203.253 | 36 | 93 |
| Русија и други земји во ЗНД | 330.075 | 10 | 365.268 | 11 | 90 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 710.953 | 22 | 767.673 | 23 | 93 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 28.022 | 1 | 80.728 | 2 | 35 |
| **Вкупно странски пазари** | **2.188.847** | **67** | **2.416.922** | **72** | **91** |
| **Вкупно:** | **3.273.226** | **100** | **3.367.918** | **100** | **97** |

Од вкупните консолидирани продажби, 67% се остварени на странските пазари. Минималното намалување на продажбите во првиот квартал од 2021 година во споредба со истиот период од 2020 година се должи на подигнувањето на безбедносното ниво на залихи на лекови кај голем број наши клиенти и тоа, пред сè, на извозните пазари, што беше реализирано во март 2020, предизвикано од почетокот на КОВИД-19 пандемијата.

(Во 000 Ден)

| | 2021 | | 2020 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **21/20** |
| Антибиотици | 624.529 | 19 | 713.895 | 21 | 87 |
| ОТЦ препарати | 689.726 | 21 | 742.854 | 22 | 93 |
| Кардиолошки препарати | 474.643 | 15 | 452.195 | 13 | 105 |
| Невролошки препарати | 461.062 | 14 | 409.613 | 12 | 113 |
| Останати линии | 306.408 | 9 | 282.365 | 8 | 109 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **2.556.368** | **78** | **2.600.922** | **77** | **98** |
| Трговска стока | 325.001 | 10 | 330.041 | 10 | 98 |
| Услуги и останати приходи | 13.737 | 0 | 18.902 | 1 | 73 |
| **Вкупно Фармација** | **2.895.106** | **88** | **2.949.865** | **88** | **98** |
| **Вкупно Хемија** | **90.372** | **3** | **80.148** | **2** | **113** |
| **Вкупно Козметика** | **219.177** | **7** | **220.028** | **7** | **100** |
| **Вкупно Билкарство** | **68.571** | **2** | **117.877** | **3** | **58** |
| **Вкупно:** | **3.273.226** | **100** | **3.367.918** | **100** | **97** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2021 | | 2020 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 21/20 |
| Единечна ЕБИТДА | 514.699 | 21 | 460.989 | 18 | 112 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 606.551 | 19 | 541.246 | 16 | 112 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2021 | | 2020 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 21/20 |
| Единечна Нето добивка | 283.499 | 12 | 256.095 | 10 | 111 |
| Консолидирана Нето добивка | 346.686 | 11 | 314.486 | 9 | 110 |

Остварената единечна нето-добивка во 2021 година изнесува 283.499 илјади денари и во споредба со остварената во 2020 година бележи зголемување за 11%.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2021 година изнесува 346.686 илјади денари и во споредба со остварената во 2020 година бележи зголемување за 10%.

**Бизнис-план за 2021 година**

Бизнис-планот за 2021 година, донесен со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на Седницата одржана на 29.12.2020 година, предвидува инвестирање на околу 12% од консолидираните приходи од продажбите во материјални и во нематеријални средства, раст од 7% на консолидираните продажби во однос на 2020 година, како и раст од 7% на консолидираниот профит пред оданочување во однос на 2020 година. Остварените резултати во првиот квартал од 2021 година ги надминуваат зацртаните плански цели.

Бизнис-планот за 2021 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи, достапни за компанијата во моментот на изготвување на планот. Околностите и настаните во 2021 година, а со тоа и остварените резултати, може да варираат од прикажаните во Бизнис-планот.

**Очекувања за претстојниот период**

Во изминатиот период друштвото се соочи со голем број интерни и екстерни предизвици и новонастанати ризици, генерирани од пандемијата на КОВИД-19. Презедовме голем број мерки во досегашниот период, со цел неутрализирање на сите негативни ефекти, без притоа да се загрози здравјето на вработените и успешното работење на друштвото. Во претстојниот период, врвен приоритет и понатаму останува грижата за здравјето на вработените, како и одржувањето на тековната ликвидност и на финансиската стабилност.